Термините *virginius/a, virgini* и *virgin[...]* се јавуваат неколку пати (бр. 82, 99, 140, 224, 390, 398 и 715). Значењето на зборот различно се толкува во науката. Авторите овде не се определуваат за точното значење на зборот, кое како што утврдуваат нема поврзаност со начелата на христијанството, туку се среќава и на пагански натписи. Оставена е можноста значењето на зборовите од овој корен да се бара во географски рамки.

Последниот додаток се однесува на палеографската обработка на латинските натписи. Оставајќи ја отворена можноста за натамошна пообемна студија на оваа тема, дадени се табели со облиците на поединечни букви со хронолошки редослед, кои се извлечени од датираните натписи, што го прави датирањето на останатиот дел од материјалот многу полесно. Постапката е методолошки сосема исправна, бидејќи облиците на буквите можат да бидат критериум за датирање на спомениците само кога се ставени во проучувања што се однесуваат на мала територија, што овој случај го овозможува.

На крајот би сакале да нагласиме дека станува збор за епиграфска збирка со ретко долга традиција, чии почетоци се направени од Марко Марулиќ и аристократот Папалиќ на преминот од XV во XVI век, а потоа во 1750 год. проширена е под закрила на архиепископот на Сплит. Постепено збирката се зголемувала од учени вљубеници во антиката и во 1820 год. станала основа за формирањето на Археолошкиот музеј во Сплит (под водство на дон Фране Булиќ). Во осумдесетите години на XX век фондот е збогатен со посветеноста на Емилио Марин.

*Salona IV, Inscriptions de Salone chrétienne IV$^{e}$-VII$^{e}$ siècles* во целина претставува пример за исцрпна работа на релативно хомоген материјал, многу грижливо обработен од епиграфски аспект. Она што би го истакнале како особено важно во ова издание е сознанието дека натписите презентирани во него го добиваат својот историски контекст во најширока смисла.

*Славица Бабамова*
НУ Музеј на Македонија – Скопје
Археолошки музеј

DANIELE BERRANGER-AUSERVE (ed.), *Epire, Illyrie, Macedoine...*, Melanges offerts au professeur Pierre Cabanes, CRCA: Collection *ERGA*, Recherches sur l'antiquite 10, Presses universitaires Blaise Pascal, Clermont-Ferrand, 2007, pp. 414.

Кон крајот на 2007 година, издавачкиот оддел на Универзитетот Клермон II во Клермон-Феран, Франција, го објави зборникот трудови со наслов „Илирија, Епир, Македонија...“, во чест на реномираниот француски истражувач на античкиот свет, професорот Пјер Кабан. Станува збор за издание во кое се собрани 26 научни трудови, главно посветени на античката историја на Илирија, Епир и Македонија, а кои ги обединува не само темата на истражување, туку и личната и професионалната врска на авторите со професорот, кому му е посветен овој зборник. Приредувач на зборникот е Даниел Беранже – Осерв, професорка по старогрчки јазик на универзитетот Клермон II и хеленист, чии интереси се врзани за историјата на островот Парос.

Пред да се задржиме врз структурата и содржината на овој зборник на трудови, неодминливо треба да се кажат неколку збора за професорот Кабан – научник од светско реноме, кој во нашите кругови несомнено им е добро познат на сите, чија потесна специјалност се античката историја и епиграфијата.

Пјер Кабан го посветува сиот свој професионален работен век на истражувањето на Илирија и Епир во античко време. Уште откако се вработил како асистент по античка историја на универзитетот во Нант, преку неговите работни ангажмани на универзитетите Клермон II и Нантер, па сè до денес, овие две послабо изучени области од античкиот свет биле, и сè уште се, животен позив и непресушен интерес за Пјер Кабан – и тоа, како што истакнува самиот, по поттик и препорака на уште едно импозантно име во француската и светската историска наука, професорот Луј Робер, кој бил и негов прв ментор.

За значењето, важноста и последиците на оваа животна и професионална одлука на Пјер Кабан не може да се спори. Не само од аспект на француската историографија, туку и во светски рамки, сè до шеесеттите години од минатиот век Епир и Илирија биле речиси „vierges", негибнати од доследно и екстензивно научно изучување; за нивната античка историја се интересирале малкумина, археолошките ископувања биле во повој, а главен извор за нивната историја биле податоците од наративните извори. Денес, четириесетина години подоцна, состојбата е дијаметрално различна; освен широката археолошка активност, што се состои не само од ископување и конзервација, туку и од постојани проверки и поправки на толкувањата на материјалот, забележлив е напредокот и во корпусот епиграфски и нумизматички податоци; со еден збор, античкото минато на Илирија и Епир сè повеќе се расветлуваат и остануваат сè помалку непознаници, за што треба да им се заблагодари првенствено на активностите на Пјер Кабан и неговите соработници, ученици и следбеници.

Нивниот број, пак, воопшто не е мал. Освен соработката со албанските археолози, која природно се наметнала и се воспоставила низ долгогодишните теренски истражувања и ископувања, научната дејност на Кабан привлекла и голем број научни работници од Франција и светот, особено на неговиот матичен универзитет Клермон II. Со поттикот и несебичната помош на Кабан, низ годините се изградила една цела генерација истражувачи, чија работа тој ја насочувал и лично ја надгледувал. Токму тие се и авторите застапени во овој зборник. Сакајќи да го искажат своето признание, благодарност и пријателство кон професорот Кабан, тие му посветуваат по еден научен труд, поттикнат од неговата работа или инспириран од неговиот пример. Освен неговите поранешни студенти, кои го следат не само во предметот, туку и во научниот пристап и во методологијата на научната работа, во знак на искрено пријателство, кон овој зборник се придружуваат и неговите колеги и соработници.

Да минеме, сега, на изданието што е пред нас. Обемот на зборникот од 414 страници, како и списокот од 27 прилози се навистина впечатливи. Но, свечениот карактер на овој зборник не смее да залаже; настрана добрите желби и искажаното пријателство кон учителот, авторите прилојуваат статии со вистинско богатство од нови информации за широк спектар на научни проблеми – или пак, онаму каде што тоа не е можно, на полезен и прегледен начин ја сликаат сегашната состојба и даваат напатствија за идни истражувања. Формалниот аспект на овој приказ ќе биде задоволен со кус преглед и опис на обработените содржини; во про-

должение, ќе се задржиме и врз неколку одбрани трудови, што се интересни за нашата научна јавност.

Зборникот е поделен на уводен дел и пет поголеми, тематски и смисловно врзани целини: уводниот дел, кој нема посебен наслов (стр. 7-35); „Илирија" (стр. 37-145); „Епир" (стр. 147-269); „Македонија" (стр. 271-313); „Други антички предели" (стр. 315-373); и последната целина „Современа епоха" (стр. 375-410), чие вклучување во еден ваков зборник зачудува, но кое веројатно се должи било на личните, било на професионалните врски на авторите со Пјер Кабан, без оглед што научните проблеми што ги третираат немаат допирни точни со антиката.

*Уводниот дел од зборникот* (стр. 7-35) почнува со предговорот на приредувачот на овој зборник, во кој се изложени причините и основните определници според кои зборников бил составен. Во продолжение е дадена комплетната библиографија на Пјер Кабан, во која се наброени 19 монографии и 110 научни статии, објавени од 1969 до објавувањето на зборникот (стр. 9-16). Од библиографијата на Кабан може да се согледа дека, освен Илирија и Епир, тој во неговите трудови обработува и широк спектар на други проблеми од историјата на античкиот свет; според зборовите на приредувачот, токму од тоа се гледа дека за Кабан ниту еден проблем не бил туѓ, и дека честопати пишувал поради и во интерес на неговите ученици; тој, во исто време, и сакал, и умеел да биде и наставник и научник, нешто што во денешно време станува сè поретко, особено во западните земји. Уводниот дел завршува со текстот на Фаик Дрини, „Живот посветен на науката, во служба на човечкиот род; примерот на Пјер Кабан во контекст на албанската археологија" (стр. 17-35). Иако (со право) замислен како своевиден евлогиј на придонесот на Пјер Кабан кон албанската археологија, текстот делува изненадувачки свежо и информативно; освен очекуваните впечатоци за личноста на Пјер Кабан, во него може да се прочита многу за „породилните маки" на албанската археологија, за нејзиниот однос и конфликтите со државниот апарат, за значењето и влијанието на странските научници во нејзиниот развој, за проблемите со финансирањето и материјалите; сè на сè, текст што вреди да се прочита, зашто можеби не ги опишува само проблемите во албанската, туку и во сите локални археологии што се соочени со недостиг од средства и разбирање.

*Првата тематска целина*, со наслов „Илирија" (стр. 37-145), содржи осум статии. Во првата статија во овој дел, Оливие Делуи, Жан-Лук Ламболе и уште петмина автори ја разгледуваат состојбата со ископувањата на акрополата на илирска Аполонија, и со помош на најсовремена технологија ги оспоруваат претходните нацрти на К. Прашникер, кои сосем сигурно ќе треба да се ревидираат (стр. 37-54). Шпреса Ѓонгецај ја обработува проблематиката на монетоковањето на Дирахиј; авторката заклучува дека емисиите во сребро и бронза датираат од исто време и се ковале напоредно, а дека емисиите на бронзени монети престануваат во времето на Октавијан, кој го преосновал Дирахиј како војничка колонија (стр. 55-70). Статијата на Елизабет Денио е посветена на активностите на пристаништето во Дирахиј во римско време, како и на разните професионални профили што се посведочени во натписите (стр. 71-80). Гзим Хоџа пишува за Лисос во доцната антика, и дава прегледен приказ на главните разлики во урбанизмот и фунерарните навики по христијанизацијата на градот (стр. 81-88). Клаудиа Антонети ги споредува митовите за основањето на Епидамнос, Аполонија и олимпиското светилиште и ги истражува

конвергенциите и дисконтинуитетот меѓу нив, со особена нагласка на култовите на Херакле и Аполон Хиперборејски (стр. 89-112). Жан Дика го истражува односот меѓу театарските свечености и култот на Дионис, посветувајќи особено внимание на организацијата на хорската игра како алегорија на иницијацијата на младите и нивното „претставување" пред пошироката заедница (стр. 113-124). Марјета Шашел-Кос разгледува некои историски аспекти во врска со владеењето на илирскиот крал Балај; со помош на археолошките наоди и нумизматичките извори, авторката најпрвин ги расчистува хронолошките недоумици во врска со неговото владеење, а потоа го сместува Балај во референтната рамка на владеењата на Пинес, Скердилаида, Плеврат и Гентиј (стр. 125-138). Најпосле, Даниел Беранже-Осерв пишува за дејноста на императорот Јулијан во Илирија, особено за заземањето на Сирмиум, како и за „самопризнаената" среќа што го следела Јулијан во неговото војување (стр. 139-145).

*Втората тематска целина,* со наслов „Епир" (стр. 147-269), содржи шест статии. Сандро де Мариа и Лука Меркури пишуваат за сведоштвата и рефлексиите на култот на Артемида во Фојника, а преку приказ и стилистичка анализа на досега пронајдените уметнички прикази, навестуваат дека е можно делумно мешање и комбинирање со култот на Деметра (стр. 147-174). Северин и Франсоа Кантен го разгледуваат преместувањето на храмот на Атена Полијада во Хаонија од аспект на феноменот на т.н. „подвижни храмови", инаку непосведочени кај Хелените, и заклучуваат дека без оглед што градбата може да се помести, „светото место" останува фиксирано (стр. 175-196). Тема на статијата на Мари-Пјер Дос се молоските градови, поточно четирите градски центри спомнати во делото на Тит Ливиј; авторката се обидува да ги убицира градовите во басенот на Јанина, но признава дека нејзината теза може да се потврди само со започнување на екстензивни ископувања (стр. 197-234). Илиас и Јоана Андреу обработуваат една одлично сочувана надгробна стела од Амбракија, со што даваат прилог кон просопографијата на Амбракија во III век ст.е. (стр. 235-246). Елен Николе-Пјер обработува неколку досега незабележани фалсификати на монетите на кралот Пир, но се задржува и врз причините зошто тие досега биле сметани за оригинали (стр. 247-252). Најпосле, Надин Бернар пишува за местото на жените во епирската кралска куќа – почнувајќи од Олимпијада и Клеопатра, сè до Дејдамеја, и ја анализира нивната дејност како регентки и кралици, заклучувајќи дека тие имале рамноправно место со машките наследници само во свечениот, параден аспект на животот во палатата (стр. 253-269).

Во *третата тематска целина*, со наслов „Македонија" (стр. 271-313), има четири статии. Милтијадис Хаѕопулос пишува за декретите за асилија од Македонија и Епир, но всушност повторно го загатнува прашањето за уредувањето и структурата на македонската монархија во времето на Антигонидите (стр. 271-274); Ан Жакмен ја анализира состојбата при која на македонскиот дворец влегуваат Адаја и Кинана, и ја разгледува нивната дејност претставувајќи ги како активни двигатели во настаните (стр. 275-288); Ролан Етјен ги разгледува инсигниите и кралскиот протокол во македонските хеленистички монархии (стр. 289-300); најпосле, Наде Проева, единствениот застапен автор од Република Македонија, пишува за туѓите влијанија во културата на Горна Македонија во текот на римскиот период (стр. 301-313).

*Четвртата целина* има наслов „Други антички предели" (стр. 315-373), а содржи четири статии вон географските определници од насловот

на овој зборник. Мари-Франсоаз Басле го обработува проблемот на избеганите робови и правото на азил на „хеленизираниот" исток во мугрите на христијанството, и тоа споредувајќи ги ставовите на Филон Александриски и на Свети Павле (стр. 315-328). Жан-Ив Страсер предлага ново толкување на еден епиграфски споменик, а го користи за да расветли неколку непознаници во врска со Немејските игри, како и со односите меѓу Аргос и Клеона во IV век ст.е. (стр. 329-348). Ан-Мари Руане-Лизенфелт толкува два исечока од текстот на Јосиф Флавиј и ја анализира хебрејската заедница на Крит на преминот меѓу старата и новата ера (стр. 349-362). Најпосле, Миреј Себејак-Жервасони и Фаусто Ѕеви толкуваат еден необјавен натпис од Остија, на кој се наоѓа името на еден досега непосведочен praefectus annonnae, а го датираат во времето на императорот Веспазијан (стр. 363-373).

*Последната тематска целина* во зборникот, како што рековме и погоре, нема допирни точки со предметот на интерес и со научната дејност на Пјер Кабан, а приредувачот во својот предговор не објаснува зошто овие статии се вклучени тука. Како и да е, првата од трите статии во последната целина, која носи наслов „Современа епоха" (стр. 375-410), има барем географска врска со темата: станува збор за трудот на Мишел Сивињон, кој го прикажува историјатот на граничната линија меѓу албанската и грчката држава во во втората и третата деценија на минатиот век (стр. 375-386). По него следува трудот на Жан-Жак Бекер, кој дава приказ на воените дејствија на Хелеспонт во 1915 год., како и последиците од овие дејствија за турската држава (стр. 387-394). Оваа целина, како и зборникот во целост, завршува со трудот на Бруно Кабан, кој го разгледува чинот на враќање од воени операции од социолошки и психолошки аспект, и прави пресек на идните перспективи за истражување на овој општествен проблем (стр. 395-410).

За содржината на зборникот е кажано доволно, а во продолжение ќе ги разгледаме подетално трудовите што се најинтересни за нас, и што најмногу ќе и користат на нашата научна јавност; станува збор за статиите што непосредно ја засегаат античка Македонија, или пак територијата на денешна Република Македонија – а тоа се четирите статии од тематската целина „Македонија", што сумарно ги спомнавме погоре.

Подовна точка за статијата на Милтијадис Хаѕопулос, „Декрети за асилија од Македонија и Епир", е еден натпис од светилиштето на Асклепиј на островот Кос, на кој е испишан декрет за азилија од островот-полис Левкада; на истата стела, датирана во 243 год. ст.е., а најдена во 2001, се испишани уште неколку други декрети – од Касандреја, Амфипол, Филипи и Коркира. Авторот се обидува да ја стави во историски контекст политичката ситуација во Левкада во тоа време, и да ги определи односите меѓу локалната власт во Левкада и епирскиот крал Александар II, кој загосподарил со градот откако ја поделил Акарнанија со Ајтолците. Тој спекулира дека Левкада станала интегрален дел на епирското кралство исто како што претходно, за време на владеењето на Пир, интегрален дел од кралството станала Амбракија. Но, Хаѕопулос продолжува со една не сосем детално поткрепена паралела, дека односите на Александар II Епирски и Левкада имале иста природа со односите на Антигон Гоната и македонските градови – уште повеќе, дека станува збор за перфектна аналогија, од која следува дека македонските градови имале висок степен на автономија и право на самостојно одлучување, иако, разбирливо, ги имале на ум и интересите на кралот. Крајната цел на Хаѕопулос е јасна

уште од уводниот дел на трудот; имено, авторот се обидува да докаже дека и Македонија (како и Аркадија, Бојотија, Фокида, Ахаја, Акарнанија, Ајтолија, Тесалија и Епир) треба да се дефинира како „федерална симполитија", во духот на тезата на А. Џованини од 1971. Според ова, македонското кралство во времето на Антигонидите би било заедница на рамноправни градови, обединета околу еден централен орган на власта кој владее по пат на општествен договор, во овој случај – кралот.

Станува збор за теза која не е ниту нова, ниту пак непозната. Всушност, прашањето за природата на кралството на Антигонидите и во минатото, како и сега, поттикнувало многубројни научни дискусии; Хасопулос, пак, ја застапува теоријата за федерална Македонија во времето на Антигонидите, што јасно се гледа и од овој негов прилог. Иако целиот труд почива врз реконструиран дел од текстот, каде недостасува десната половина од сите редови, а авторот главно ги цитира само делата на автори што се согласуваат со неговиот став, ценам дека би било беспредметно да се дискутира и да се спори за овој проблем во рамките на еден приказ на колективен труд. Обилната литература и долгите научни дискусии бараат на прашањево да му се посвети посебен, пообемен научен труд. Тука, пак, ќе биде доволно да се каже дека поради начинот на којшто е претставен проблемот (само врз база на еден оштетен епиграфски наод и на не сосем поткрепената паралела со епирска Левкада), главната поента на Хасопулос – федералното уредување на Македонија – не прозвучува сосем убедливо. Впрочем, за ова пишува и Ф. Папазоглу („Историја на Епигоните", Скопје 2009, стр. 53-57), која тргнува од сосем истиот тип на епиграфски документи и од истите премиси. Иако допушта дека, од времето на Антигон Гоната, претставниците од македонските градови, собрани во којнон, решавале заедно со кралот, Папазоглу забележува дека самоуправата на градовите не била целосна, па оттаму и не би можело издржано да се тврди дека Македонија го загубила карактерот на централизирана држава.

Втората статија посветена на античка Македонија, чиј автор е Ан Жакмен, е насловена „Крвта на Бардилис: пропуштена можност за Македонија". Авторката на пластичен и мошне информативен начин го анализира прашањето за наследството и продолжувањето на лозата на Аргеадите, но не, како што е вообичаено, од гледна точка на Александар III, Филип Аридај и нивните (можни) машки потомци, туку од гледна точка на сопругите и ќерките на Филип II. Во уводниот дел од статијата е обработена македонската политика на склучување династички бракови, при што е расчистен изразот kata polemon; авторката убедливо докажува дека овој израз треба да се преведе со „против/наспроти/за да се спречи" војна, во смисла на тоа дека бракот за Филип бил ефектен начин не за да се заврши, туку (онаму каде што било можно) за да се спречи војна. Во продолжение се разгледани браковите на ќерките на Филип, како и положбата на Кинана и Евридика од гледна точка на продолжувањето на династичката линија. Авторката се задржува врз тактиката на Кинана во борбите за престолот по смртта на Александар III, како и на дејноста на Адаја-Евридика, која ја нарекува „последниот крал на Аргеадите". Таа заклучува дека Кинана и Адаја, двете „наследнички на крвта на Бардилис" преку нивната мајка/баба Аудата, успеваат да се оттргнат од традиционалната улога на жените како објекти во политичките преговори и земаат активна улога на жени-субјекти и носители на дејствието – и тоа, што е најинтересно, како за обезбедување на сопственото место во собитијата, така и за да овозможат продолжување на кралската линија на Филип II. Сè на сè, станува збор за интересен труд

во кој нештата се разгледуваат на свеж и досега малку користен начин; во таа смисла, трудов може да служи како поттик за понатамошно расветлување на улогата на Кинана и Адаја, но на и другите жени во македонскиот дворец во овие честопати нејасни и слабо посведочени случувања.

Третата статија во овој оддел е трудот на Ролан Етјен, со наслов „Кралски протоколи". Целта на Етјен е уште еднаш да го разгледа прашањето за кралскиот протокол на Александар и на неговите наследници, и да ја преиспита тезата дека поголемиот дел од кралските инсигнии и протоколот бил преземен од традицијата на староисточните монархии и од протоколот на персиските кралеви – наводно, зашто во тој облик би бил поприфатлив за покорените источни народи. Авторот се ограничува на протоколот на Александар и на државните формации во Азија, а се оградува од Египет зашто, како што вели, станува збор за сосем друг светоглед, во поинакви политички и општествени прилики. По опсежната анализа на кралската облека и кралските ритуални и парадни инсигнии – наметката, дијадемата, митрата, роговите и целосната бојна спрема – авторот се задржува врз протоколите за прием и разговор, како и врз ритуалот на apantisis, особено кај Аталидите од Пергам, повторно служејќи се со опсежни споредби и анализи не само на изворите, туку и на митографскиот материјал кај Хелените и Македонците. Заклучоците на авторот се мошне интересни: прво, тој тврди дека протоколот во хеленистичките монархии најчесто не се поклопува со она што го знаеме за протоколот на персиските кралеви, па оттука и дека не е веројатно дека персискиот протокол бил преземен било од Александар, било од подоцнежните кралеви; и второ, дека треба повнимателно да се зборува за наводната ориентализација на протоколот на монарсите во хеленистичкиот период, зашто она што е посведочено од времето на Александар (а претставува модел по кој се поведувале подоцнежните кралеви) има исто толкава подлога во хомерската и во специфичните македонски традиции, колку што има и во источните обичаи. Единствената методолошка забелешка би била дека авторот постојано зборува за хеленски, а не македонски владетели и хеленски, а не хеленистички монархии. Станува збор за терминолошко решение на авторот, кое можеби го изразува духот во кој се образувал како научник, а можеби е и одраз на неговите лични убедувања; во секој случај, тоа не ја намалува вредноста на неговата анализа и на заклучоците, па може да се каже дека и тука имаме научен труд кој вреди да се разгледа повнимателно.

Последниот труд во оваа тематска целина е статијата со наслов „Туѓите влијанија во културата на Горна Македонија во римско време" од Наде Проева, единствениот научник од Република Македонија чиј труд е застапен во овој зборник; патем, таа е и единствениот македонски автор кој е редовно застапен во зборниците за историјата на Епир и Илирија во античко време, чиј приредувач е токму Пјер Кабан – што е недвосмислен комплимент за македонската историска наука. Во оваа статија, авторката разгледува еден интересен феномен, кој може да се следи главно (ако не и исклучиво) преку археолошките и епиграфските извори; станува збор за туѓинците-доселеници во Македонија и за културните влијанија што го извршиле врз локалното, автохтоно население, кое пак прифатило дел од овие влијанија и ги аплицирало во сопствената материјална култура. Според авторката, еден од најголемите проблеми при истражувањето на оваа проблематика е во основа да се различат наодите од туѓа и од автохтона провениенција, зашто во римско време – особено во II/III век н.е., од кога потекнува најголемиот дел од наодите – туѓинците или веќе сосем се

асимилирале во домашното општество и ги прифатиле неговите обичаи, или пак дотаму се доближиле до локалните обичаи и навики, што практички одвај и да има разлика помеѓу едните и другите. Проева ги следи ваквите пројавувања преку ономастиката и иконографијата, преку пројавувањата на религиозна практика што не е карактеристична за оваа територија, и најпосле преку керамиката; токму врз основа на керамиката, авторката успешно ја побива тезата дека романизацијата на Стоби започнала во времето на Август, и дека таму немало италска керамика сè до втората половина на I век н.е. Сето ова може убаво да се види и на квалитетните илустрации што го придружуваат текстот. Но, се чини дека најважниот придонес на овој прилог не е дефиницијата и описот на туѓите културни елементи во Горна Македонија; станува збор за мошне широко поле за истражување, за кое тука се дадени основните определници. Напротив, вистинската вредност на овој труд е во тоа што на едно место и на прегледен начин се сумирани сите потребни методолошки определници за тоа како треба да ѝ се пристапи и на темата, и на поединечните наоди, како и тоа – каде треба да се бараат и како можат да се препознаат, и како треба да се разграничат туѓите влијанија од автохтоните културни пројавувања. Ако се има на ум сето ова, може слободно да се каже дека овој труд треба, и најверојатно ќе стане, појдовна точка за секој што ќе реши да се занимава со оваа или слична проблематика.

Со ова го заокружуваме приказот на зборникот „Илирија, Епир, Македонија...“, посветен на професорот Пјер Кабан. Од сето она што беше кажано досега, јасно е дека тука најмалку станува збор за свечено издание, а поскоро за зборник од сериозни, современи, критички научни трудови, кои на најдобар можен начин ја продолжуваат традицијата на зборниците посветени на историјата на Епир и Илирија. Овој многузначен и интердисциплинарен зборник е свеж не само поради новите информации, туку и поради пристапот и методологијата; затоа, им го препорачуваме не само на историчарите, туку и на археолозите и класичните филолози, всушност – на сите професионални истражувачи на антиката кај нас, кои тука несомнено ќе препознаат научно издание достојно за угледување.

*Војислав Саракински*
Филозофски факултет, Скопје

Fanula Papazoglu, *Iz istorije antičkog Balkana. Odabrane studije*, Equilibrium Beograd, 2007, pp. 315.[1]

Пред нас го имаме вториот дел од одбраните студии на професорката по античка историја Фанула Папазоглу, објавен во едицијата „Димензије Историје“ на издавачката куќа Equilibrium. Првиот дел е реиздание на значајната монографија *Srednjobalkanska plemena u predrimsko doba*, но не на првичното издание од 1969 год., туку на англиската верзија од 1978 год. објавена во Амстердам, каде се внесени и поправки и дополнувања од авторката. Во вториот дел е направен избор од 18 статии, групирани во три тематски делови.

[1] Статиите собрани во ова издание во овој приказ скратено ги цитирам *OS* 2.